# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 31/2019 Пробиштип 27.12.2019 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.31 одржана на ден 26.12.2019 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање мислење на Статут на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-1181/3,
2. Одлука за давање мислење на Статут на ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-1181/4,
3. Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/5,
4. Одлука за усвојување на Финансов план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/6,
5. Одлука за усвојување на Финанов план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/7,
6. Одлука за усвојување на Финанов план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/8,
7. Одлука за усвојување на Финансов план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/9,
8. Одлука за усвојување на Финансов план на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/10,
9. Програма за изменување на програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/11,
10. Програма за изменување на програма за изградба и одржување на општински патишта и улици во Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/12,
11. Програма за изменување на програма за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за 2020 година бр. 26-1181/13,
12. Програма за изменување на програмата за улично осветлување на општина пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/14,
13. План за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/15,
14. Буџет на Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/16,

15. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/17,
16. Одлука за утврдување на вредноста на бодот на административните службеници на општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/18,
17. Одлука за изменување на одлука за давање на користење, одржување и управување без надоместок на објект во сопственост на Општина Пробиштип за потребите на дневниот центар за лица со телесна попреченост бр. 26-1181/19,
18. Одлука за начинот и условите за адаптација и пренамена на деловен простор и начинот на финасирање на проектот бр. 26-1181/20,
19. Програма за работа на ТППЕ Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/21,
20. Програма за работа на Советот на Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/22,
21. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 12.04.2019 од град во атар на села Пуздерци и Куково бр. 26-1181/23-1,
22. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 24.06.2019 од град во атар на село Петршино бр. 26-1181/23-2,
23. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 03.07.2019 од град во атар на село Пишица бр. 26-1181/32-3,
24. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 01.09.2019 од пожар на отворен простор во мв Пуста Пишица бр. 26-1181/23-4,
25. Заклучок по информација „Примена на системи плаќаш колку создаваш отпад и самостојни единици на компостирање на биоотпад„ бр. 26-1181/24,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1181/26
27.12.2019 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 4 од Законот за основното образование (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година рагледувајки го Статутот на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-596/1 од 16.12.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање мислење на Статут на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип**

Член 1

Се дава позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-596/1 од 16.12.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Статутот на Општинското основно училиште Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 01-596/1 од 16.12.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1181/3<br>26.12.2019<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 4 од Законот за основното образование (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година раглњдувајки го Статутот на ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 01-609/1 од 02.12.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање мислење на Статут на ООУ Никола Карев Пробиштип**

Член 1

Се дава позитивно мислење на Статутот на Општинското основно училиште Никола Карев Пробиштип бр. 01-609/1 од 02.12.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Статутот на Општинското основно училиште Никола карев Пробиштип бр. 01-609/1 од 02.12.2019 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1181/4<br>26.12.2019<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајки по Програмата за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програма за работа на Општинското Установа Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр.01-213/1 од 12.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр.01-213/1 од 12.12.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајќи по Финасовиот план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финасовиот план на Општинското Установа Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр. 01-214/1 од 12.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година на сметка 903 и сметка 787 бр. 01-214/1 од 12.12.2019.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајќи по Финансовиот план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Финансов план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Општинското Основно Училиште Браќа Миладиновци Пробиштип за 2020 година на сметка 903 бр. 05-597/1 од 16.12.2019 година, на сметката 787 бр. 05-598/1 од 16.12.2019 година и на сметка 785 бр. 05-599/1 од 16.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2020 година на сметка 903 бр. 05-597/1 од 16.12.2019 година, на сметката 787 бр. 05-598/1 од 16.12.2019 година и на сметка 785 бр. 05-599/1 од 16.12.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/7
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајќи по Финансовиот план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за усвојување на Финансов план на ООУ Никола Карев
Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Општинското Основно Училиште Никола Карев Пробиштип за 2020 година на сметка 787 бр. 05-622/1 од 18.12.2019 година и на сметка 903 бр. 05-621/1 од 18.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2020 година на сметка 787 бр. 05-622/1 од 18.12.2019 година и на сметка 903 бр. 05-621/1 од 18.12.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/8
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајќи по Финансовиот план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за усвојување на Финансов план на СОУ Наум Наумовски Борче
Пробиштип за 2020година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на Средното општинско Училиште Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2020 година на сметката 903 бр. 05-487/2 од 18.12.2019 година и сметката 787 бр. 05-488/1 од 05.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2020 година на сметката 903 бр. 05-487/2 од 18.12.2019 година и сметката 787 бр. 05-488/1 од 05.12.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019) а во врска со член 116 став 1 точка 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, расправајки по Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип за 2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за усвојување на Финансов план на ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип за 2020 година на сметка 787 бр. 01-250/1 од 13.12.2019 година и сметка 903 бр. 01-250/2 од 13.12.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план на ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2020 година на сметка 787 бр. 01-250/1 од 13.12.2019 година и сметка 903 бр. 01-250/2 од 13.12.2019 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година на предлог на Градоначалникот ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ЗА 2020 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година бр 26-1080/8 од 25.11.2018 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр и тоа :

Подпрограма Јг Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување

- Во точката 7 Реконструкција на водоводна мрежа на улица Тодор Александров сумата од 1 500 000 денари од графата буџет се става во графата донации.

Вкупно во подпрограмата Јг место предвидените 4 730 000 денари во графата буџет ќе стои 3 230 000 денари, а во графата донации место предвидените 30 370 000 денари ќе стои 31 870 000 денари

Подпрограма Ј8 Чистење на диви депонии и речни корита

- Предвидената сума од 1 000 000 денари во графата буџет се намалува на сума од 500 000 денари

Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година на предлог на Градоначалникот ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА**
**И УЛИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година бр 26-1080/9 од 25.11.2019 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип и тоа :

Подпрограма Јд Изградба и реконструкција на општинските патишта и улици

- Точката 11 Реконструкција на паркинг простор под градски парк во Пробиштип се брише

- Во точката 14 која станува точка 13 (Изградба на улици во рурални средини) сумата од 7 000 000 денари во графата буџет се намалува на 5 000 000 денари.

Вкупно во подпрограмата Јд место предвидените 26 661 000 денари во графата буџет ќе стои 23 161 000 денари .

Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година на предлог на Градоначалникот ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА НОВИ ПОВРШИНИ ЗА 2020 ГОДИНА**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година бр 26-1080/11 од 25.11.2019 година објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип и тоа :

Во точка 1 Вид и обем на работите

Во позиција под р.б 39 Хортикултурно уредување во општина Пробиштип сумата од 1 640 000 денари се заменува со сума од 1 540 000 денари и при тоа збирот на сите позиции добива сума од 4.272 230 денари.

Следствено на претходното има промена и во точката 2 Динамика и начин на вршење на работите ,каде вкупните трошоци за реализација на програмата место 5 159 231 денари ќе изнесуваат 5 041 231 денари.

Програмата за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за подрачјето на општина Пробиштип за 2020 година стапува во сила со донесувањето , а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр5/2002 и член 21 став1 точка 13 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за изменување на програма за изградба и одржување на улично осветлување за 2020 година**

Со оваа програма се врши изменување на Програмата за изградба и одржување на улично осветлување за 2020година бр.10-1080/12 од 25.11.2019 година и тоа:

-Во приходниод дел, други извори на финансирање вредноста 6.422.136 ден се заменува со 3.887.136 денари

-Во вкупно приходи врдноста 1717.928.000 се заменува со 15.393.000 денари.

-Во расходниот дел ЈА-1, аналитика, за изградба и реконструкција на улично осветлување точка 4-Улица Македонски Револуционери со вредност од 1.690.000 ден се брише.

Во расходниот дел ЈА-1, аналитика, за изградба и реконструкција на улично осветлување точка 5-Улица во Камењар покрај гробишта со вредност од 845.000 ден се брише.

- Во расходниот дел ЈА-1, синтетика, за изградба и реконструкција на улично осветлување вредноста 9.828.000 ден.се заменува со 7.293.000 ден.

-Во се вкупно расходи вредноста 17.928.000 се заменува со 15.393.000 денари

Другите ставки од програмата остануват непроменети.

Програмата за изменување и дополнување на програмата за изградба и одржување на улично осветлување за 2020 година влегива во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробштип

Број 26-1181/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ('Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6, 7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип ('Службен гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005), а во врска со Законот за енергетика (Службен весник на РМ, бр.16/11;136/11;79/13;164/13;41/14;), на предлог Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година го донесе следниот:

***ПЛАН за енергетска ефикасност на општина Пробиштип за 2020 година***

Со Законот за енергетика (Службен весник на РМ, бр.16/11;136/11;79/13;164/13;41/14;) У. бр. 70/2013-0 од 26.02.2014 година- Обврска на општините е изработка на програми и акциони планови за ЕЕ .

Политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ја донесува Советот на општината и таа се однесува на три години. Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата и извештај за остварување на планот за претходната година и го доставува до Советот на општината за одобрување односно усвојување.

Долгорочните цели на општината се:

- Да се намали годишната потрошувачка на енергија,
- Да се намали делот за енергија во општинските инвестиции ,
- Подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност од основните училишта и детски градинки во надлежност на општината,
- Да се замени целосното јавно осветление во општината со нови светилки со што потрошувачката ќе се намали на половина од сегашната,
- Да се намалат нивото на $CO_2$ емисии во атмосферата за минимум 20% во споредба со сегашното ниво,
- Зголемување на ЕЕ на општинските објекти преку преземање на конкрерни мерки за заштеда на енегрија (промена на врати и прозорци, ЕЕ фасада, кровни конструкции,

поставување на сончеви колектори). Искористување на нови алтернативни извори на користење на енегрија
- Формирање на комисија за ЕЕ во рамки на општината
- Ажурирање на база на податоци за ЕЕ
- Кампања и обуки на граѓанството за значењето на ЕЕ и подигнување на свеста за заштеда на енергија кај граѓанството
- Да се намали бројот на здравствени проблеми поврзани со внатрешната клима во училишните згради и детските градинк,
- Брза идентификација и обнова на проблематичните системи во основните училишта и детските градинки со висока потрошувачка на енергија во основните училишта и детските градинки.

Стратегија на општината е дека горенаведените цели ќе ги постигне преку:
- Функционирање и работење на тимот за енергетска ефикасност во одржување на базата на податоци,
- Основање на фонд за финансирање и реализација на проекти за зголемување на енергетска ефикасност во училиштата и јавното осветление,
- Идентификација и изнаоѓање на нови донатори,
- Идентификација и користење на нови извори на енергија.

Истовремено, за да се остварат горните долгорочни цели, општината има цел да промовира и работи на:
- Создавање на свест преку ширење на добри практики,
- Промоција на социјалната свест за потреба за создавање на одржлив развој,
- Градење на партнерства коишто вклучуваат јавен сектор, потрошувачи и енергетски фирми.

Општина Пробиштип има значителен потенцијал за зголемување на енергетска ефикасност во јавните објекти и тоа: општинските административни згради, основните и средни училишта, зградите на детската градинка, зградите на домот на културата, спортските сали и уличното осветление. Трошоците за енергија (електрична и топлинска) за јавните објекти во надлежност на Л.С. завземаат повеќе од 5%- 10% од вкупниот буџет на општината, а се очекува годишен раст од цели (10-15)%, овој раст се должи пред се на зголемување на цената на енергенсите. Исто така трошоците за потрошена електрична енергија за јавно (т.н.улично) осветлување се на ниво од околу 4% од вкупниот буџет на општина Пробиштип, кој реално може да се намали за (40-50)% со замена на постојните со нови т.н. штедливи светилки.

Со цел да се намалат трошоците и потрошувачката на енергија и да се подобрат внатрешните услови на зградите за образование (основните училишта и детските градинки) од една страна и уличното осветление од друга страна, потребно е истите да се реконструираат, целосно или делумно, и во нив да се применат мерки за енергетска ефикасност.

Генералната цел на Програмата за Енергетска Ефикасност (МЕЕП) во општина Пробиштип е да се намали потрошувачката на енергија во зградите под општинска управа и уличното осветление во општината, а со тоа да се намали и емисијата на јаглероден диоксид. Намалувањето на емисиите на јаглероден диоксид секако може да има огромно влијание врз ефектот на стаклена градина, а со тоа и на глобалното затоплување. Концентрација на $CO_2$ сега е зголемена за околу 0,4 % годишно на глобално ниво. Јаглерод диоксидот (хемиска формула: $CO_2$) е хемиско соединение составено од два кислородни атоми и еден атом на јаглерод. Тоа е гас без боја и мирис. Потежок е од воздухот и не гори.

Најголем дел на јаглерод диоксид се добива од согорување на фосилните горива. Фосилните горива (јаглен и нафта) содржат големо количество на јаглерод. Кога се запалени, тој јаглерод се ослободува во атмосферата во вид на $CO_2$, што доведува до зголемување на неговата концентрација во атмосферата. Износ на $CO_2$ зависи од видот на фосилното гориво.

Главни извори на $CO_2$ при согорување на фосилни горива со застапеност се: течни горива (бензин, нафта) 36 %, цврсти (јаглен) 35 %, гасни (природен гас) 20 %, производство на цимент 3 %, согорување на индустриски гасови со помалку од 1 % итн.

Со имплементацијата ќе се постигнат и други специфични цели, и тоа:

- Намалена потрошувачка на енергија и заштеда на средства за капитални инвестиции и развој,
- Обновени енергетски системи и објекти;
- Инвестирање во технологии за супституција на електричната енергија со сончевата енргија и природниот гас и мали хидроелектрични централи,
- Подобрени санитарни услови и зголемена продуктивност и
- Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои носат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Во следната табела се дадени објектите што припаѓаат на секторот Администрација (општинска зграда), секторот образование поделени во две целни групи: Основни училишта и Детски градинки и Култура со објекти во Пробоиштип и Злетово. За објектите е дадена вкупната грејна површина.

**Табела 5 Податоци за јавни објекти третирани во програмата**

**Сектор: АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | Грејна Површина (m²) |
|---|---|
| **Целна Група: Административни згради** | |
| • **Општинска зграда-Пробиштип** | 973 |
| • **Услужен и Бизнис центар-Пробиштип** | 255 |
| • **Услужен центар-Злетово** | 270 |
| **Вкупно:** | 1.498 |

**Сектор: ОБРАЗОВАНИЕ**

**Целна Група: Основни, средни училишта заедно со спортски сали**

| Локација на објект/ознака | Име на основно училиште | Грејна Површина (m²) |
|---|---|---|
| Центар/БМ1 | ОУ "Браќа Миладиновци"-Пробиштип | 3.066 |
| с.Пробиштип/БМ2 | ОУ "Браќа Миладиновци"-Пробиштип | 719 |
| Нас.Калниште/НК1 | ОУ "Никола Карев"-Пробиштип | 4.979 |
| Злетово/МТ1 | ОУ "Маршал Тито"-Злетово | 2.324 |
| Центар/ННБ1 | СОУ "Н.Н.Борче"-Пробиштип | 1.920 |
| Центар/ННБ2 | СОУ "Н.Н.Борче"-Пробиштип | 2.049 |
| | **Вкупно:** | 15.057 |

**Целна Група: Детски Градинки**

| Локација | Име на детска градинка | Грејна Површина (m²) |
|---|---|---|
| Пробиштип | Цветови | 1.169 |
| Пробиштип (центар) | Срничка | 607 |
| Злетово (центар) | Изворче | 1.354 |
| | **Вкупно:** | 3.130 |

**Сектор: Култура**

| Локација | Име на објектот | Грејна Површина (m²) |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Пробиштип** | **Зградана Дом на Култура Злетовски рудар** | 1.624 |
| **Пробиштип** | **Кино сала Злетовски Рудар** | 2.260 |
| **Злетово** | **Дом на култура** | 830 |
| | **Вкупно:** | 4.714 |

Во 2019 година, со средствата од Европската Унија во општина Пробиштип, финансирано е поставување на фотоволтаични системи на следните објекти ООУ „Никола Карев", Спортска сала во ООУ „Браќа Миладиновци " и ЈОУДГ „Гоце Делчев" – објект Изворче.

Со овој проект се зголеми и бројот на користени обновливи извори на енергија, согласно стратешките напори на Владата за поттикнување на користење на обновливи извори на енергија и заштита на животната средина.

Со набавката и инсталацијата на фотоволтаичните системи сите три објекти произведуваат по 15kW електрична енергија на час, со што се направија значајни заштеди кај овие објекти, воедно директно се намалауваат трошоците на Општината. Реализирана програмата за улично осветлување за 2019година.

Реализирани проекти во изминатиот период:

| **Проекти за 2014г.** | **Проекти за 2015г.** | **Проекти за 2016г.** | **Проекти за 2017г.** | **Проекти за 2018г** |
|---|---|---|---|---|
| -Поставување на сончеви колектори во детска градинка"Гоце Делчев"<br>-Промена на азбесен кров во детска градинка "Гоце Делчев"<br>-Промена на прозори во СОУ Браќа Миладиновци во Пробиштип<br>-Промена на фасада и прозорци на колективна социјална зграда<br>-Издавање на флаери и брошури за ЕЕ и кампања во основните и средните училишта за заштеда на енергија<br>-Замена на 51 стара светилка и поставени се нови енергетски ефикасни | -Поставување на сончеви колектори во детска градинка<br>-Промена на парни котли во ООУ Никола Карев<br>-Промена на прозорци во СОУ Наум Наумовски Борче<br>-Промена на кров и фасада на кино сала<br>-Издавање на флаери и брошури за ЕЕ и кампања во основните и средните училишта за заштеда на енергија<br>- Замети се 60 стари светилки и поставени се нови енергетски ефикасни | -Изработена Физибилити студија за јавно осветлување во општина Пробиштип<br>-Проект "Енергетски ефикасна градинка, пријател на природатана". Реконструкција на детска градинка во ЕЕ, промена на прозори и врати и поставување на фасадна изолација<br>-Промена на светилки<br>-Издавање на флаери и брошури за ЕЕ и кампања во основните и средните училишта за заштеда на енергија<br>-Заменети се 51 стари светилки и поставени се нови енергетски ефикасни<br>- Мала хидро електрана " Зелен град" Приватен инвенститор"ХИДРО | -Проект "Енергетски ефикасна градинка, пријател на природатана". (700 000 денари добиени средства од Програмата за зачувување на природата и 350 000 денари сопствено учество од општина Пробиштип)<br>-Енергетски ефикасен објект-Реконструкција, адаптација на Дом на културата "Злетовски рудар" Пробиштип.Добиен проект по однос на ИПА програмата, прекугранична соработка со Р.Бугарија(12.000 000,00 ден)<br>-Мала хидроелектрична централа "Ештеричка", Приватен инвенститор.ДПГПУ " ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР | -Реконструкција, адаптација на Дом на културата "Злетовски рудар" Пробиштип . Добиен проект по однос на ИПА програмата, прекугранична соработка со Р.Бугарија(11.000 000,00 ден), реализирано 70% од проектот Средства од ЕУ<br>- ул.Миро Барага во должина од 1275м (на делот од пат кај Плешенци до АМС) Нови сијалични места со енергетски ефикасно светло, комплет со метални столбови и спојни елементи<br><br>- Ул. Древенска Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило, комплет со метални столбови и спојни Елементи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | – ЕКО ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, на река Зеленградска со инсталиран проток од 0,100 м³ /сек и инсталирана моќност од 130кW, м.в Прозорак КО Јамиште општина Пробиштип<br>- Мала хидро електрана 372 на река "Ештерец, Приватен инвенститор ДПТУ "ЕЛ – ТЕ ХИДРО" ДООЕЛ експорт импорт Скопје, на река "Ештерец" со инсталиран проток од Qинст=0,360 м³ /сек и номинална моќност од 351 кW, КО Злетово, КО Шталковица и КО Зеленград општина Пробиштип | ГЕНЕРАТИОН" ДОО Скопје, на река Ештерец со инсталиран проток од Qинст=0,270 м³ /сек и инсталирана моќност од 300 кW, КО Шталковица и КО Зеленград општина Пробиштип. | - Ул. Добревска. Нови сијалични места со енергетски ефикасно светило, комплет со метални столбови и спојни елементи<br>- Во неколку помали месни заедници по потреба, поставени се сијалични места комплет со дрвен столб, кабел и светило со енергетско,ефикасени светилки |

**Активности за 2020 година на ПЛАНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

| Акции од планот | Активност | Финансиски средства(денари) |
|---|---|---|
| 1.Јакнење на административните капацитети | Јакнење на капацитетите на општина Пробиштип | / |
| | -Формирање на тим за ревизија, енергетска контрола и следење на реализацијата на Програмата за ЕЕ | / |
| | -Зголемување на капацитетите во општина Пробиштип за следење на проблемите во делот на ЕЕ | / |
| | -Изработка на елаборат за оценка на енергетска ефикасност за постоечки објект, општинска зграда (дефинирање на сите потребни параметри за намалување на потрошувачка на примарна енергија и намалување на емисија на СО2). Енергетски карактеристики на објектот, прикажување на класата на објектот врз основа на неговата потреба за греење (термичките карактеристики на градежните конструкции, финалната и | 120.000,00 |

| Акции од планот | Активност | Финансиски средства(денари) |
| --- | --- | --- |
| | примарната енергија по типови, емисијата на СО2 и препораки за подобрување на енергетската ефикасност на објектот). | |
| 2.Изработка на проектни задачи и тендерска документација за избор на консултантски куќи за изработка на проектна документација во делот на ЕЕ | Дефинирање на целите и активностите за изработка на проектна документација | / |
| 3. Организирање работен состанок и советување за инвеститори на тема обновлива енергија, "Зошто и како да инвестирам во фотоволтаична централа" | Изработка на план и временска рамка, воспоставување соработка со бизнис секторот и граѓанскиот сектор | / |
| 4.Реализација на проект „Biowaste„ преку програма Интераг Балкан мед програмата, во соработка со Универзитет „Гоце Делчев „ Штип, општина Катерини, општина Јерамасова и Технолошки Институи Крит | Изработка на две постројки за преработка на биомаса ( 17.000.000 ден Средства од ЕУ) | Средства од ЕУ |
| 5.Проект -Енергетски ефикасна градинка Гоце Делчев, клон Изворче | Аплицирање по однос на ИПА програмата, прекугранична соработка со Р.Бугарија(6.000 000,00 ден) | Средства од ЕУ |
| 6.Изработка и печатење на флаер – Практично користење на енергија, заштеда на енергија и важноста на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија | | 15.000,00 |
| 7.Реализација на дел од Планот за замена на постојните со енергетски ефикасни светилки од Физибилити студија за јавно осветлување во општина Пробиштип | Изработка на апликација за замена на светилките со енергетско ефикасни Замена на постојните светилки со Лед енергетскоефикасни светилки (1346 броја), по изготвена студија за оваа намена во 2015 година. | По изготвена студија за оваа намена. |
| 8. Изградба и реконструкција на улично осветлување | -Пат кон Добрево од спој со улица Кочо рацин до Мост со должина од 680мсо LED осветлување и нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елементи-13 метални столбови се половни што веке ги имаме а 7 се планирани нови со л=8м<br>-Улица 3-ти Април од улица Миро Барага до улица Кочо Рацин л=700м со LED осветлување, нови сијалични места со енергетски ефикасно светило се комплет со метални столбови и спојни елемент<br>-Улица Тодор Александров од спој со ул.Никола Карев до спој со улица Методи Андонов Ченто л=800 | Од програмата за Улично осветлување (се предвидуват 9.828.000,00ден) |

| Акции од планот | Активност | Финансиски средства(денари) |
|---|---|---|
| | -Улица Македонски Револуционери од улица Димитар Влахов до регионален пат л480=700м со LED осветлувањ<br>-Улица во Камењар на делот покрај гробишта анаселба Камењар со должина од 380м со LED осветлување<br>-Улица Илинденска во должина од 700м<br>-Повеке месни заедници по потреба | |
| 9. Формирање на тим и активности за Ревизија на постојната и изработка на нова Програма за ЕЕ, по најнова метода за период 2020-2024 година | | 30. 000,00 |
| 10.Едукативни работилници за ЕЕ, посета на саеми и семинари | Изработка на план и временска рамка | |
| Проект фотоволтаични системи во рурални општини", поставување на фотоволтаични системи со што се допринесува за заштеда на електрична енергија во јавните објекти преку користење на алтернативни извори за производство на енергија и заштита на животната средина. | Изработка на Апликација за учество | Овие проекти се реализираат преку Министерството за Финансии во соработка со Светска банка. Во претходниот период е реализиран ваков проект на три објекти во општина Пробиштип. |
| Проект за заштита на старата јаловишна депонија и поставување на фотоволтаични системи и користење на алтернативни извори за производство на електрична енергија и заштита на животната средина. | Изнаоѓање инвеститор | Од заинтересирани инвеститори |
| Изработка на проектна документација, за замена на осветлувањето со енергетски ефикасни светилки во спортска сала "Софија Петровска" | | 35.000,00 |
| **Вкупно** | | 200. 000,00 |

Планот за енергетска ефикасност на Општина пробиштип за 2020 година влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општината, а ќе се применува од 1 Јануари 2020 година.

Број 26-1181/15
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.244/2019), Советот на Општина Пробиштип на 31 седница, одржана на 26.12.2019 година, донесе

Б У Џ Е Т на Општина ПРОБИШТИП за 2020 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Општина ПРОБИШТИП за 2020 година се состои од:

во денари

**I. Вкупни приходи** 342.978.674

- Даночни приходи ........32.648.000
- Неданочни приходи ........15.904.000
- Капитални приходи ........73.295.175
- Приходи од дотации ........148.910.156
- Трансфери ........52.101.343
- Приходи од донации ........20.120.000

**II. Вкупни расходи** 361.128.674

- утврдени намени ........361.028.674
- резерви ........100.000

**III. Дефицит** -13.968.000

**IV. Финансирање** 13.968.000

**Прилив**........18.150.000
-Домаш.задожувања........16.150.000
-Депозит........2.000.000

**Одлив** ........4.164.000
-Отплата на главница ........4.164.000

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува во табелите:

**Член 3**

Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општината, а ќе се применува од 1 Јануари 2020 година.

Број 26-1181/16
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник наРепублика Македонија" бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр, 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015, 209/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.244/2019) и член 94 од Статутот на општина Пробиштип ("Службен Гласник на општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2020 година**

**Член 1**

Буџетот на општина Пробиштип за 2020 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации , Буџет на дотации и Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела а утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени во Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземат обврски.

За да се превземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализациата на планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на општината.

Доколку во текот наа годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник може да се врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрогами по предходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства во буџетот на ниво на ставка во рамките на подпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџетот не можат да се зголемат со прераспределба за повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачките активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување или зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овите буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користење на одобрените средства во даден квартал, буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврвуваат за:

-Избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатена просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за предходната година, односно по коефициент во износ од 26.755 денари.

-Вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на општината.

-На вработените во ТППЕ како и на вработените по Законот за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во Општина Пробиштип и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на врабтените во локалните јавни установи за 2020 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведуваат на следниот начин:

-Средствата ќе се планираат на наменската сметка-дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката-дотации на локалните јавни установи (903),

-Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на плата на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе се приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата,

-Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансират од општинскиот буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните установи кои се финансират од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци гио доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

За председателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниотт месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатуваат на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патване во земјата се исплатува согласно Правилникот на општината и тоа за секои поминати од 08-12 часа половина дневница и цела дневница од12-24 часа.

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програмата-Општинска администрација-Е0 расходно конто 404150-Други надоместоци по основ на Одлука од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ до 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од 6 месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во согласност со Законот за заштита и спасување на работникот му се исплатува помош во висина од 1 (една) последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен.

**Член 16**

Користењето на средства од Буџетот на општината за врешење на функциите на буџетските корисници се реализира со фактури со кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајки ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со фискални сметки во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000 денари каде задолжително мора да се приложи фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажни по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и во локалните јавни установи ќе се врши од расходно конто 464940-трансфери при пензионирање во висина од две просечни месечни нето плати во Републиката објавени на денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесното семејство на вработениот (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од расходно конто 413110-тековни резерви (разноврсни расходи).

Исплатата на надоместоците од предходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Средставата утврдени во буџетот во поделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 20**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации може да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

**Член 21**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги применува одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Поврат на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаи каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина Пробиштип се извршува од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

**Член 24**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01 јануари 2020 година.

Број 26-1181/17
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година , донесе:

## О Д Л У К А
## за утврдување на вредност на бодот
## на административните службеници во Општина Пробиштип за 2020 година

**Член 1**

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на административните службеници во општина Пробиштип и административните службеници на буџетските корисници во општина Пробиштип за 2020 година.

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2020 година во општина Пробиштип изнесува **81,10 денари**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на општина Пробиштип ", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2020 година.

Број 26-1181/18
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 64 став 3 од законот за локалната самоуправа ( Службен Весник на република Македонија бр.5/2002) и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018) а во врска со барањето од Министерството за труд и социјална политика бр. 10-5547/3 од 26.11.2019 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За изменување на одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот, на Министерството за труд и социјална политика за потребите на Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост во Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот, на Министерството за труд и социјална политика за потребите на Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост во Пробиштип бр. 26-810/26 од 30.08.2019 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 27/2019 и тоа:

Во членовите 1, 2, 3 и 4 зборовите ,, Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија" се заменува со зборовите ,, Јавна установа Центар за социјална работа Пробиштип " .

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1181/19
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) И член 21 став 1 т.43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) а во врска Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар - дел од зграда на општина Пробиштип бр.45-6406/1 од 08.10.2019 година (Службен весник на РСМ 210/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип му предлага на Советот

**О Д Л У К А**

**За начинот и условите за адаптација и пренамена на деловен простор и начинот на финасирање на проектот**

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот и условите за адаптација на деловен простор на КП бр.1099/10 кој Владата на Република Северна Македонија со Одлука бр. 45-6406/1 од 8 октомври 2019 година го даде на трајно користење без надоместок на општина Пробиштип за пренамена во Дом за стари лица во Пробиштип, и начинот на финасирање на проектот.

Член 2

Општина Пробиштип го доби во трајно користење деловниот простор- Јужното крило на Здравствениот дом „Нада Михајлова „во Пробиштип на КП бр.1099/10 и тоа

-подрум , намена на зграда и друг објект -В2-5 со површина од 651 м2

-приземје , намена на зграда и друг објект -В2-5 со површина од 782 м2 и

-кат, намена на зграда и друг објект -В2-5 со површина од 693 м2

Кој ќе го адаптира и пренамени во простор за вршење на дејност Дом за стари лица во Пробиштип согласно Основен проект бр.55/19-ОП.

Член 3

Деловниот простор ќе се адаптира и пренамени со средства од државниот буџет во соработка со Министерството за труд и социјална политика .

Вкупната вредност на овој проект изнесува 55.609.047,00 денари.

Со оглед дека се работи за капитална инвестиција со поголем износ, плаќањето на инвестицијата ќе биде дефинирано во тендерската документација согласно условите на плаќање дадени од донаторот.

Член 4

Доколку за реализацијата на овој проект е потребно зафаќање и средства од буџетот на општина Пробиштип, истите да бидат предвидени со измена и дополнување во инвестиционите програми за 2020 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-1181/20
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

**ПРОГРАМА**

ЗА РАБОТАТА НА ТППЕ ПРОБИШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

**I.** АКТИВНОСТИ

1.Извршување на работи во согласност со закон;
2.Планирање и реализација на наставна програма (теоретска и практична);
3.Планирање и рализација на програма за физичко кондициона спремност;
4.Планирање и рализација на програма за превентивна заштита;
5.Планирање на рекламно-информативни активности за подигање на културата за заштита од пожари;
6.Планирање и реализација на програма за оперативни процедури;
7.Планирање и реализација на план за набавка на противпожарна опрема и средства;
8.Планирање и реализација на план за адаптација или изградба на објекти и простории на ТППЕ;

9.Соработка со Противпожарниот Сојуз, соседните ТППЕ, ДЗС и Источно планскиот регион и другите државни и локални институции.
10.Соработка со ПС Пробиштип, итна медициска помош и Црвениот Крст на РМ.
11. Соработка со синдикалните организации и стручни институции од областа на заштитата од пожари.
12.Изработка на книги за разни евиденции;

Точка 1

ТППЕ спрема Законот за пожарникарство,Законот за заштита и спасување и Законот за Локална Самоуправа ке ја организира својата работа како единица на Локалната Самоуправа за обавување на работите за заштита од пожари и против пожарни дејности. Во делокруг на ТППЕ организира и спроведува активности за спречување на настанување на пожар, гасење на пожар, спасување на луге и имот, пружање на помош во незгоди и опасни ситуации, санирање на последиците од несреките.

ТППЕ во 2020 година ке ја одржува мобилноста и спремноста во согласност со Правилникот за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничка опрема и средства за гасење на пожари со кои треба да располагаат противпожарните единици во РМ (Сл.Весник бр 19/2006 од 15.Февруари 2006 год.) и Планот за заштита од пожари на Град Пробиштип.

Гаснење на пожари и спасување на животот на луѓето и имотот загрозен од пожари или други непогоди.

Вршење на технички интервенции согласно со можностите на единицата (во смисла на опременост и сл.).

Ќе биде извршена анализа на секој пожар по изготвувањето на Извештај за интервенцијата на ТППЕ.

Рок: јануари – декември

Точка 2

ТППЕ има изготвено наставен план и програма во согласност со своите потреби и во согласност со Правилникот за стручно оспособување и усовршување на вработените во територијалните противпожарни единици. Поднесен и изгласан од советот на општина Пробиштип во 2018 година.

Стручно оспособување и усовршување на пожарникарите ќе се изведува по План за изведување на стручна настава и обука на работниците во ТППЕ Пробиштип за година, по основ на Правилникот за стручно оспособување и усовршување на работниците во територијалните противпожарни единици кој треба да го донесе Дирекцијата за заштита и спасување.Врз база на годишниот план ќе се изготват месечни планови за стручно оспособување и усовршување на работниците на ТППЕ.

Теми на теоретска настава:
-Прописи од областа на заштитата од пожари;
-Противпожарна превентива;
-Противпожарни справи,опрема и средства за гасење;
-Противпожарна тактика;
-Тактички вежби;

Теми на практични настава:
-Практични вежби;
-Учење на локација на улици,објекти и хидрантска мрежа;
-Прва помош на повредени лица;
-Вежби за физичко-кондициона подготовка.

Рок: Јануар-Декември

Точка 3

ТППЕ постојано ја следи физичката подготвенсот на пожарникарите. Физичката подготвеност се реализира преку програма за секојдневни физички вежби како и организирање и припрема за различни спортски натпревари во текот на годината.Проверка на физичката спремност ке се реализира секој втора половина од месецот. Нормите за утврдување на физичката спремност е изработена од Министерството за внатрешни работи.ТППЕ поради недостаток на опрема и простории не во можност да ја леаризира ова програма во целост.

Точка 4

ТППЕ ке изработи програма на активности за унапредување на превентивната заштита од пожари.

Во програмата ке се утврдат начините на воспоставување на комуникација со граганите со установи со правните субјекти и училишните установи.

Соработката со претпријатијата кои стопанисуваат со шумите и земјоделските површини ќе се сведе на активности од обете страни за преземање на превентивни мерки за намалување на опасноста од пожар на отворен простор соодветно (поставување на пропаганден материјал, поставување на ПП стражи, набљудувачки места итн). Од наша страна ќе се извршат предавања од ПП заштитата на вработените во тие претпријатија.

Ќе се изврши заедничка обиколка на теренот.

Ќе се утврдат тактичко-техничките активности во евентуалните пожари.

Соработката со претпријатието што стопанисува со водоводната мрежа ќе клони кон активно ангажирање за надминување на лошата состојба со хидранската мрежа во градот и поставување на нови хидрати.

Со претпријатието што врши дистрибуција на електрична енергија, соработката, пред се, ќе биде насочена на активностите кои треба да ги преземат дежурните работници (диспечери, монтери ...) кое по барање на раководителот на акцијата за гаснење на пожар треба да исклучат објекти од електричното напојување.

Можни се други видови на соработка.

Во 2020 година превентивните активности преземени од страна на територијалната противпожарна единица Пробиштип ќе се сведат на предавања од обласа на заштитата од пожари во одредени претпријатија, установи и непосредно со граѓаните како во руралните средини така и во урбаните сртедини првенствено со оние граѓани кој живеат во колективните стамбени објекти.

Во 2020 година ќе бидат изведени повеќе вежби за гаснење на пожар кои една од вежбите ќе биде изведена самостојно, а другите на денот на пожарникарите 20^ти^ Мај и по една во едно од опшинските училишта и претпријатија во Пробиштип.

Ќе се обезбеди настап преку средствата за јавно информирање и тоа во летната сезона со презентација на превентивните мерки за пожарите на отворен простор и зимата со соодветни мерки (со почеток на грејната сезона).

Точка 5

Планирање на рекламно-информативни активности за подигање на културата за заштита од пожари.

ТППЕ во 2020 год ке соработува со преставниците на медиумите,граѓаните,установите и работните организации се со цел подигање на свеста и култура за заштита од пожари. Ке организира поединечни и јавни собири на тема заштита од пожари и противпожарна организираност.Овие активности ке бидат нај застапени во месец Мај во кој месец е и денот на пожарникарите. Ке се организираат обострани посети на школската популација која во својата образовна програма има матерјал за противпожарна заштита.

Ако се обнови соработка со Општинскиот Против Пожарен Сојуз ке се организираат предавања и организирање на Квизови од ПП обласа на младинци во школска возраст и постари младинци.

Рок: Јануари – Декември

Точка 6

ТППЕ ке направи Стандардни оперативни процедури за интервенции по претходни анализи за можност за настанување на пожар на објекти,делови од објекти,отворени простори,акциденти на превозни средства,како и установи во кој има зголемена фрекфенција на луѓе.

Оперативните процедури преставуваат база за припрема на ТППЕ во случај на интервенција како и избор и димензионирање на опремата и средствата за одвивање на противпожарната интервенција.

Точка 7

ТППЕ за 2020 ке ја следи состојбата на противпожарната опрема и средствата за гасење и ке изработува План за набавка на истата по укажаната потреба за набавка согласно со расположивите финансиски средства на Општината.Овие финансиски средства се предложени од Градоначалникот со Тековно оперативната програма усвоена од Советот во на општина Пробиштип

Рок: јануари – декември

Точка 8

ТППЕ планира адаптација на постоечките простории како би се одржало нивото на подготвеност при евентуални интервенции на ТППЕ Пробиштип. ТППЕ планира и изградба на нови простории во согласност со финансиските можности на општината за да се постигне минималното ниво подготвеност за функционирање на ТППЕ согласно постоечките правилници (Сл.Весник бр.19/2006).

Точка 9

ТППЕ во рамките на законските регулативе ке учествува на сите стручни седници и собири организирани од страна на државната,локалната и регионална управа.

Во зависност со активностите на ОППС и ДПД во општината, ќе се организираат активности за подобрување на стручноста на единицата.

Рок: јануари - декември

Точка 10

ТППЕ ке одржува постојана врска и разменува информации со МВР-ПС Пробиштип и Министерството за здравство-Интна медицинска помош на локално ниво и информации од ДЗС и РЦКУ,со цел за поефикасно извршување на поставените задачи.

Точка 11

Соработка со синдикалните организации и стручни институции од обласата на заштитата од пожари.

ТППЕ ке остварува полна соработка со синдикалните организации се со цел за постигнување на ниво за непречено извршување на основните задачи. Ке присуствува на работните сосотаноци и собири организирани од Синдикатот, ЗЕЛС, Здружение на професионални пожарникари и други.

Ке се оствaруваат соработки со институции и поединци во следење на новините од областа за заштита и спасување и други битни области се со цел на подобрување на квалитетот на способноста на ТППЕ.

Точка 12

Во ТППЕ се води евиденција и тоа:

- Дојава за пожар
- Книга за дневни настани и примопредавање на смените

- Книги на примопредавање на опремата во возилата и магацинските простории
- Книги за дневен преглед на возилата
- Книги за неделен преглед на возилата, мот. пумпи и опрема
- Книги за интервенции (поправки) на возилата и мот. пумпи
- Книга за евиденција на пожари и изработка на извештај и статистички лист за пожари
- Книга за технички интервенции
- Книга со извршен преглед на личната заштитна опрема

"Книгите" евиденцијата ке биде дел матерјално пишана форма, дел електронска верзија на постоечката информатичка опрема.

Рок: јануари – декември

ДРУГИ АКТИВНОСТИ:

1.Подготовка на единицата пред настапување на летниот т.е. зимскиот период ќе биде во функција на потребите.

Летниот (есенскиот) период како статистички најоптоварен за пожари, ќе се обрне внимание за можностите за сменска приправност. Во 2020 година нема стекнати редовни услови за пензионирање на ниеден од вработените во ТППЕ. После тоа, низ теоретска настава ќе се посвети внимание на пожарите на отворен простор, преглед на исправноста и практична обука на карактеристичната опрема за вакви интервенции.

Ќе се изврши обука на возачите за познавање на приодните патишта во одредени селски населби и рурални средини.

Зимскиот период се карактеризира со посебен вид на ПП загрозеност. Согласно со тоа ќе се обрне внимание за таквите опасности. ПП возилата, справите и опремата ќе се подготват за работа при ниски температури. Тоа предвидува низа активности како техничко средување на возилата (антифриз и сл., затоплување на гаражата и т н).

Рок: јануари - декември

2.Интерните упатства ќе се изготвуваат по потреба.

Рок: јануари - декември

3.Сервисирањето на ПП апаратите и другата ПП опрема ќе се врши согласно со техничките упатства од производителот на опремата.

Рок: јануари - декември

4.Контролните активности од страна на командирот на ТППЕ ќе се извршуваат 2 до 4 пати месечно со цел за увид на спремноста на вработените во ТППЕ, како и состојбата на ПП опремата и возилата за евентуални интервенции по налог на Градоначалникот.

Во текот на 2020 година ќе се изведат и контролни мобилизациски узбуни со целокуниот состав на единицата согласно со Планот на мобилизација.

Рок: јануари - декември

5.Ќе биде донесен План за мобилизација на слободните работници во услови на пожар и вежба.

Рок: март

6.Ќе биде укажана стручна помош на граѓани, претпријатија и други правни субјекти (доколку се обезбедени услови за тоа).

Рок: јануари - декември

7.Изготвување на преглед на расположивата ПП опрема и средства за гаснење на територијалната противпожарна единица од соседните општини, која би можела да биде ангажирани во гаснење на големи пожари.

Рок: јануари - декември

8.Состанок со комадирите на ТППЕ ќе биде договорен со командирите на ТППЕ Штип,Св.Николе,Кратово и Кочани. Истиот ќе биде во фукција на заеднички настап на интервенции за гаснење на пожари.

Рок: јануари - декември

9.Одржувањето на објектот (нашите простории) е тековно, а поголеми захвати (поправки и сл.) се во директна зависност со материјалните средства од Општина Пробиштип одобрени за таква намена.

Рок: јануари - декември

10.Изготвување на месечен извештај за работата на единицата ќе се изготвува од 1 до 5 во наредниот месец и ќе се доставува до Градоначалникот на Општина Пробиштип.

Рок: јануари - декември

11.Други активности во функција на заштитата од пожари на подрачјето на надлежност на ТППЕ ќе се планираат со месечните планови за работа на територијалната противпожарна единица .

Рок: јануари – декември

12.Согласно член 2 од Закон за буџети и согласно Каленарот за изготвување на Буџет на општина Пробиштип за 2020 година, Оделението за противпожарна заштита достави тековно оперативна програма за изготвување на Буџет на ТППЕ во текот на месец ноември 2019 година.

Програмата за работа на ТППЕ Пробиштип за 2020 година влегува во сила со бјавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 3 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14 и 29/15) и член 114 став 3 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А
## За работа на Советот на општина Пробиштип за 2020 година

ВОВЕД:

Советот на општина Пробиштип работи согласно одредбите од Законот за локална самоуправа, Статутот на општината а притоа раководејќи се од законските одредби на законите кои се во функција на децентрализацијата, како и роковите утврдени со нив. Раководејќи се од тоа секоја година Советот донесува Програма за работа во која се утврдени роковите и изготвувачите на материјалите кои се доставуваат до Советот на разгледување и усвојување.

Програмата за работа на Советот на општина Пробиштип дава насоки за работа на Советот во тековната календарска година и не претставува цврста рамка бидејќи истата може да се надополнува и со други актуелни тематски и нормативни прашања кои ќе произлезат во тековната година.

Исто така Законот овозможува директно вклучување на граѓаните во покренување на иницијативи, предлози, сугестии за решавање на одредени прашања од интерес на самите граѓани, или индиректно преку свои избрани претставници во органите на локалната самоуправа, кои не се влезени во програмата на Советот, но Советот ќе ги стави на дневен ред доколку се појави таква потреба.

## *1. ТЕМАТСКИ ПРАШАЊА И НОРМАТИВЕН ДЕЛ*

1. Извештај за работата на ТППЕ на општина Пробиштип за 2018 година
Изготвувач: ТППЕ-Пробиштип
Рок: 30 Јануари
2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2019 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
Рок: 30 јануари
3. Извештај за работата на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2019
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Јануари
4. Одлука за усвојување на Извештајот од реализираниот попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна и жиро сметка на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година.
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања
Рок: 30 јануари
5. Информација за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на територијата на општина Пробиштип за период од јули до декември 2019 година
Изготвувач: ПС Пробиштип
Рок: 28 Февруари
6. Одлука за усвојување на Предлог-планот за запишување на ученици во учебната 2020/2021 година и постсредно образование во СОУ,,Н.Н.Борче,, Пробиштип
Изготвувач: Одделение за јавни дејности во соработка со СОУ Н.Н.Борче
Рок: 28 Февруари
7. Одлука за усвојување на завршна сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2019
Изготвувач: Одделение за финансии
Рок: 30 Март
8. Извештај за работата и финансов извештај со завршна сметка на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за 2019
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Март
9. Извештај за работата и финансов извештај на Дом на култура Злетовски Рудар-Пробиштип за 2019
Изготвувач: Дом на култура Злетовки Рудар-Пробиштип
Рок: 30 Март
10. Финансов извештај за работата на ООУ Браќа Миладиновци за 2019 год.
Изготвувач: ОУ Браќа Миладиновци-Пробиштип
Рок: 30 Март
11. Финансов извештај за работата на ООУ Никола Карев за 2019 год.
Изготвувач: ОУ Никола Карев-Пробиштип
Рок: 30 Март

12. Финансов извештај за работата на СОУ Н.Н Борче-Пробиштип за 2019
Изготвувач: ОСУ Н.Н.Борче -Пробиштип
Рок: 30 Март
13. Финансов извештај за работата на ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип за 2019
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Март
14. Извештај за остварување на Програмата за уредување на градежното земјиште на територијата на општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 30 Април
15. Извештај за остварување на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 30 Април
16. Извештај за остварување на Програмата за изградба и одржување на улично осветление на територијата на општина Пробиштип за 2019
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локални патишта и улици
Рок: 30 Април
17. Извештај за остварување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Пробиштип за 2019
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локални патишта и улици
Рок: 30 Април
18. Извештај за остварување на Програмата за одржување на јавната чистота за 2019
Изготвувач:Одделение за комунални дејности и локални патишта и улици и ЈКП Никола Карев
Рок: 30 Април
19. Извештај за остварување на Програмата за одржување на паркови и зеленило за 2019 година
Изготвувач: Одделение за комунални дејности и локлани патишта и улици и ЈКП Никола Карев
Рок: 30 Апри
20. Извештај за остварување на Програмата за урбанистичко планирање и ЛЕР на Општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за урбанизам и Одделение за ЛЕР и заштита на животна средина
Рок: 30 Април
21. Извештај за реализација на програмата за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април
22. Извештај за реализација на Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2019 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април
23. Извештај за реализација на акциониот план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2019 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април
24. Извештај за реализација на акциониот план за реализација на активностите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

25. Извештај за реализација на програмата за активности на општина Пробиштип во областа за заштитата и спасувањето за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

26. Извештај за реализација на програмата за одбележување на празници манифестации настани во општина Пробиштип за 2019 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 30 Април

27. Извештај за реализација на програмата за работа на инспекциското одделени за 2019
Изготвувач: Инспекциско одделение
Рок: 30 Април

28. Извештај за остварување на Буџетот на општина Пробиштип за првиот квартал од 2020 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања на општина Пробиштип
Рок: 30 Април

29. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2020
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Април

30. Информација за јавната безбедноста и безбедноста на сообраќајот на патиштата на територијата на општина Пробиштип за првите шест месеци од 2020 г.
Изготвувач: МВР-ПС-Пробиштип
Рок: 30 Јули

31. Извештај за остварување на Буџетот на општина Пробиштип за вториот квартал од 2020 година
Изготвувач: Одделение за финансиски прашања општина Пробиштип.
Рок: 30 Јули

32. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2020
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Јули

33. Извештај за работата на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2020
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Јули

34. План за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Општина Пробиштип
Рок: 30 Август

35. План за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ЈКП Никола Карев Пробиштип
Рок: 30 Август

36. План за вработување на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип
Рок: 30 Август

37. План за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип
Рок: 30 Август

38. План за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип
Рок: 30 Август

39. План за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2021 година

Изготвувач: ООУ Никола Карев Пробиштип
Рок: 30 Август

40. План за вработување на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип
Рок: 30 Август

41. Извештај за работа на ООУ Браќа Миладиновци-Пробиштип за учебната 2019/2020
Изготвувач: ООУ Браќа Миладиновци-Пробиштип
Рок: 30 Август

42. Извештај за работа на ООУ Никола Краев -Пробиштип за учебната 2019/2020
Изготвувач: ООУ Никола Карев-Пробиштип
Рок: 30 Август

43. Извештај за работа на СОУ Н.Н.Борче-Пробиштип за учебната 2019/2020
Изготвувач: СОУ Н.Н.Норче-Пробиштип
Рок: 30 Август

44. Извештај за работа на ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип за учебната 2019/2020
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Август

45. Буџетски календар за изработка на буџет за 20210 година
Изготвувач: Одделение за финансии и буџет
Рок: 30 Септември

46. Програма за работа на ОУ Браќа Миладиновци-Пробиштип за учебната 2020/2021
Изготвувач: ОУ Браќа Миладиновци
Рок: 30 Септември

47. Програма за работа на ОУ Никола Карев-Пробиштип за учебната 2020/2021
Изготвувач: ОУ Никола Карев-Пробиштип
Рок 30 Септември

48. Програма за работа на ОСУ Н.Н.Борче -Пробиштип за учебната 2020/2021
Изготвувач: ОСУ Н.Н.Борче-Пробиштип
Рок: 30 Септември

49. Програма за работа на ЈОУДГ Гоце Делчев -Пробиштип за учебната 2020/2021
Изготвувач: ЈОУДГ Гоце Делчев-Пробиштип
Рок: 30 Септември

50. Извештај за остварување на буџетот на општина Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2020 Изготвувач: Одделение за финансиски прашања на општина Пробиштип
Рок: 30 Октомври

51. Извештај за работата и финансов извештај на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2020
Изготвувач: ЈКП Никола Карев- Пробиштип
Рок : 30 Октомври

52. Изменување и дополнување на буџетот на општина Пробиштип за 2020 г.
Рок: 15. Ноември

53. Програма за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември

54. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици во опшина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември

55. Програма за изградба и одржување на улично осветление на територијата на Општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември

56. План за енергетска ефикасност за 2021 година на општина Пробиштип
Изготвувач: Одделение за комунални работи и локални патишта и улици
Рок: 15 Ноември
57. Програма за одржување на јавната чистота за 2021 година
Изготвувач:Одделение за комунални работи
Рок: 15 Ноември
58. Програма за одржување на паркови и зеленило за 2021 година
Изготвувач: Одделение за комунални работи работи
Рок: 15 Ноември
59. Програма за урбанистичко планирање за 2021 година
Изготвувач: Одделенеи за урбанизам
Рок: 15 Ноември
60. Програма за ЛЕР за 2021 година
Изготвувач: Одделение за ЛЕР и заштита на животната средина
Рок: 15 Ноември
61. Програма за одбележување на празници и манифестации во општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделение за општестевни дејности во општина Пробиштип
Рок: 15 Ноември
62. Програма за заштита и спаување на територијата на општина Пробиштип за 2021г.
Изготвувач: Одделение за општестевни дејности во општина Пробиштип
Рок: 15 Ноември
63. Програма за социјална, детска и здравственазаштита за 2021 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември
64. Акциониот план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2021 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември
65. Акциониот план за работа на ОСБСП на општина Пробиштип за 2021 г.
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември
66. Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина за 2021 година
Изготвувач: Одделение за општествени дејности
Рок: 15 Ноември
67. Програмата за работа на инспекциското одделени за 2021 година
Изготвувач: Инспекциско одделение
Рок: 15 Ноември
68. Програма за работа на ЈКП Никола Карев-Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ЈКП Никола Карев-Пробиштип
Рок: 15 Декември
69. Финансосв план со план за јавни набавки на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ЈКП Никола Карев-Пробиштип
Рок: 15 Декември
70. Програма за работа на Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2021г
Изготвувач: Дом на култура Злетовски Рудар-Пробиштип
Рок: 15 Декември
71. Финансов план на Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Дом на култура Злетовски Рудар-Пробиштип
Рок: 15 Декември
72. Финансов план на ЈОУ Детска Градонка Гоце Делчев Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ЈОУ Детска Градонка Гоце Делчев Пробиштип

Рок: 15 Декември

73. Финанов план за ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип
Рок: 15 Декември

74. Финансов план на ООУ Никола Карев за 2021 година
Изготвувач: ООУ Никола Карев -Пробиштип
Рок: 15 Декември

75. Финансов пла на СОУ Наум Наумовски Борче за 2021 година
Изготвувач: СОУ Наум Наумовски Борче -Пробиштип
Рок: 15 Декември

76. Програма за работа на Единицата за против пожарна заштита за 2021 г
Изготвувач: ТППЕ-Пробиштип
Рок: 15 Декември

77. Предлог -Буџет на општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделени за финансии и буџет
Рок: 15 Декември

78. Одлука за извршување на буџетот на општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Одделени за финансии и буџет
Рок: 15 Декември

79. Програма за работа на Советот на општина Пробиштип за 2021 година
Изготвувач: Комисија за изработка на Програма за работа на Совет
Рок: 15 Декември

Програмата влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 26-1181/22 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.12.2019 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 12.04.2019 од град во атар на села Пуздерци и Куково го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 12.04.2019 од град во атар на села Пуздерци и Куково

1. Се усвојува Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 12.04.2019 од град во атар на села Пуздерци и Куково изготвен врз основа на Записникот за увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.
2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 12.04.2019 од град во атар на села Пуздерци и Куково бр.27-411/7 од 12.12.2019 година.
3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/23-1
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 24.06.2019 од град во атар на село Петршино го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 24.06.2019 од град во атар на село Петршино**

1. Се усвојува Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 24.06.2019 од град во атар на село Петршино изготвен врз основа на Записникот за увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.
2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 24.06.2019 од град во атар на село Петршино бр.27-646/3 од 12.12.2019 година.
3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/23-2
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 03.07.2019 од град во атар на село Пишица го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 03.07.2019 од град во атар на село Пишица**

1. Се усвојува Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 03.07.2019 од град во атар на село Пишица изготвен врз основа на Записникот за увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.
2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 03.07.2019 од град во атар на село Пишица бр.27-674/3 од 12.12.2019 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/23-3
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 01.09.2019 од пожар на отворен простор во м.в.Пуста Пишица, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 01.09.2019 од пожар на отворен простор во м.в.Пуста Пишица**

1. Се усвојува Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 01.09.2019 од пожар на отворен простор во м.в.Пуста Пишица изготвен врз основа на Записникот за увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.
2. Составен дел на овој Заклучок е Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на 01.09.2019 од пожар на отворен простор во м.в.Пуста Пишица бр.27-850/3 од 12.12.2019 година.
3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1181/23-4
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ брр.5/2002) и член 51 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/20025, 24/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.12.2019 година разгледувајки ја информацијата за завршена активност на проектот Биоотпад, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
По информација „Примена на системи плаќаш колку создаваш отпад и самостојни единици за компостиење на биоотпад”

1. Се прифаќа информацијата за завршена активност на проектот „Примена на системи плаќаш колку создаваш отпад и самостојни единици за компостиење на биоотпад” по Работен пакет 4-Самостојни компостарски единици.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-1181/24
26.12.2019
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 397.660.826 | 164.444.518 | 11.504.000 | 148.910.156 | 20.120.000 | 16.150.000 | 361.128.674 |
| Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2020 | | | | | |
| | | | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **34.223.529** | **32.648.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **32.648.000** |
| **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **2.061.419** | **2.515.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.515.000** |
| 711111 | Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од буџетот на рм, единиците на локалната самоуправа и градот скопје и фондовите основани со закон | 620.400 | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 |
| 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои не се корисници и единки корисници на буџетот | 1.362.200 | 1.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 |
| 711113 | Данок на пензии | 380 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 711114 | Данок на плати остварени во странство | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 24.939 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000 |
| 711139 | Данок на доход на Приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 53.500 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| **713** | **Даноци на имот** | **11.660.500** | **9.030.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.030.000** |
| 713111 | Данок на имот од физицки лица | 3.278.800 | 3.320.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.320.000 |
| 713113 | Данок на имот од правни лица | 1.836.500 | 1.850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.850.000 |
| 713211 | Данок на наследство и подарок | 277.400 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 713311 | Данок на промет на недвижности | 6.204.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 |
| 713512 | Камата за ненавремено плаќање на Данокот на имот | 63.800 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| **717** | **Даноци на специфични услуги** | **20.377.560** | **20.943.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **20.943.000** |
| 0 | | 550 | 1.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000 |
| 717111 | Комунална Такса за привремен престој | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 717112 | Комунална Такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 1.568.400 | 1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.600.000 |
| 717115 | Комунална Такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли, што се плаќа при регистрација на возилата | 1.282.500 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 |
| 717116 | Комунална Такса за користење и одржување на јавно осветление | 11.637.080 | 12.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 |
| 717129 | Други комунални Такси | 21.100 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 717131 | Комунална Такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 350.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 717135 | Комунална Такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места,со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | 130.000 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 3.241.100 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2020 Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **397.660.826** | **164.444.518** | **11.504.000** | **148.910.156** | **20.120.000** | **16.150.000** | **361.128.674** |
| 717138 | Надоместоци од Комунална дејност | 2.100.000 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| 717140 | Камата за ненавремено плаќање на комунални Такси кои се приход на елс | 16.830 | 2.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000 |
| **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **124.050** | **160.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **160.000** |
| 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дископклуб и дископклуб на отворен простор | 94.800 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 718127 | Надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со б-интегрирана еколошка дозвола на општината, односно градот скопје | 28.100 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно градот скопје | 1.150 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **16.527.600** | **4.400.000** | **11.504.000** | **0** | **0** | **0** | **15.904.000** |
| **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **606.300** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 722315 | Административни Такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 606.300 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **12.776.096** | **400.000** | **11.390.000** | **0** | **0** | **0** | **11.790.000** |
| 723011 | Такси за диплома и сертификат | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 723012 | Такси за запишување | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 723013 | Такса за испити | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | 7.240.000 | 0 | 8.250.000 | 0 | 0 | 0 | 8.250.000 |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 499.048 | 0 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 550.000 |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | 2.360.000 | 0 | 2.390.000 | 0 | 0 | 0 | 2.390.000 |
| 723911 | Закупнина од објекти | 539.048 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 120.000 |
| 723914 | Приходи од закупнина на општински имот | 2.138.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| **724** | **Други владини услуги** | **119.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 119.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **3.025.704** | **3.500.000** | **114.000** | **0** | **0** | **0** | **3.614.000** |
| 725939 | Останати неданочни Приходи | 2.753.804 | 3.000.000 | 114.000 | 0 | 0 | 0 | 3.114.000 |
| 725943 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните | 271.900 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **27.772.800** | **73.295.175** | **0** | **0** | **0** | **0** | **73.295.175** |
| **731** | **Продажба на капитални средства** | **1.407.500** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** |
| 731117 | Приходи од продажба на општински имот | 1.407.500 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **733** | **Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања** | **26.365.300** | **71.295.175** | **0** | **0** | **0** | **0** | **71.295.175** |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на република македонија | 3.000.000 | 38.892.675 | 0 | 0 | 0 | 0 | 38.892.675 |
| 733115 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 5.000.000 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ

## Ниво на: ПОТСТАВКА

| Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТО: Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 397.660.826 | 164.444.518 | 11.504.000 | 148.910.156 | 20.120.000 | 16.150.000 | 361.128.674 |
| 733118 | Надомест за детални геолошки истражувања | 384.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 2.200.000 | 2.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.300.000 |
| 733120 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на експлоатирана минерална суровина) | 14.000.000 | 20.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000.000 |
| 733131 | Приходи од Надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 2.400 | 2.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500 |
| 733144 | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 1.688.200 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 |
| 733147 | Надомест за концесии за користење на вода за производство на електрична енергија | 90.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **302.986.897** | **54.101.343** | **0** | **148.910.156** | **20.120.000** | **0** | **223.131.499** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **302.692.897** | **54.101.343** | **0** | **148.910.156** | **0** | **0** | **203.011.499** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 10.485.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на рм | 36.894.000 | 23.851.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.851.000 |
| 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 2.465.000 | 2.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.700.000 |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 54.346.834 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| 741115 | Дотации на општината, од Приходи од ддв | 24.954.769 | 25.550.343 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.550.343 |
| 741119 | Наменска дотација на општината за активности од пожарникарство | 5.261.000 | 0 | 0 | 5.891.000 | 0 | 0 | 5.891.000 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 127.565.896 | 0 | 0 | 143.019.156 | 0 | 0 | 143.019.156 |
| 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 40.720.198 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
